**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-218/9**

**Скопје, 15.03.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за одбрана (во понатамошниот текст МО), сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за 2006 година, кои се прикажани на страните 6, 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на МО, сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за 2004 година. За годината која `и претходи на годината што е предмет на ревизија не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
    - Јован Манасиевски, министер за одбрана до 26.08.2006 година,
    - Лазар Еленовски, министер за одбрана од 26.08.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 10.09.2007- 28.12.2007 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Извештај, утврдени се следните неправилности категоризирани како:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1 МО донело Решение бр. 20/3-1021 од 15.10.2004 година за утврдување на условите и начинот на користење и висината на надоместокот за користење на услугите што се вршат во Домовите на АРМ и други објекти согласно член 13 од Законот за организација и работа на органите на државната управа. Според наведенето решение, објектите, просториите во Домовите на АРМ и другите објекти можат да се дадат на користење без надоместок само по претходна писмена согласност од министерот за одбрана или началникот на ГШ на АРМ, а по предлог на раководителот на Секторот за недвижности.
Со оваа одредба се отвора можност за нетранспарентно доделување на користење на објектите и просториите на Домовите на АРМ или другите објекти, што би предизвикало загуба во приходите од самофинансирачки активности и можни коруптивни дејствија поврзани со злоупотреба на имотот на МО.

**Препораки и мерки**

1. МО да ја укине одредбата за дискреционо ослободување од плаќање надоместок за користење на услугите што се вршат во објектите, просториите во Домовите на АРМ и во другите објекти, по претходна писмена согласност од министерот за одбрана или началникот на ГШ на АРМ.

10. 2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1 Комисијата за попис при МО во извештајот констатирала побарувања од купувачи во земјата во износ од 14.715 илјади денари кои се постари од три години. За истите, МО не презело дејствие против должниците пред суд или пред друг надлежен орган заради утврдување, обезбедување или остварување на побарувањето. Со оглед дека побарувањата на МО произлегуваат од договори во прометот на стоки и услуги по основ на угостителски услуги, услуги од сместување и закупнини од објекти и се постари од три години, согласно Законот за облигациони односи, истите застаруваат, доколку не е подигната тужба во овој временски период. Имено, согласно Законот за облигациони

односи, доколку истите биле утужени и подоцна утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, тогаш побарувањата би застареле за десет години.

Како резултат на непреземањето дејствија по однос на ненаплатените побарувања, буџетот на МО има помалку наплатени приходи од самофинансирачките активности во износ од 14.715 илјади денари.

На ист начин се третирани и евидентираните побарувања од вработените во износ од 3.421 илјади денари по основ на кусоци утврдени со инвентарисување на трговската и друга стока на залиха во магацините или продажните објекти на МО. Во рамките на овој износ, 2.424 илјади денари се побарувања постари од три години и за нив, министерството не презело дејствие пред суд заради остварување на побарувањето, со што е овозможено стекнување на лична корист на поединци.

**Препораки и мерки**

1. Одговорните лица во МО да покренат одговорност за непреземањето дејствија во однос на ненаплатените и неутужените побарувања од купувачите и вработените. Соодветни мерки да преземат и за побарувањата кои се доближуваат до рокот на застарување.

10.3. **Неправилности во искажувањето на приходите/ расходите**

10.3.1 Ревизијата не можеше да се увери во објективноста и реалноста на остварените приходи по основ на:

- користење на просториите, техничките средства, озвучувањето и друго во состав на домовите на АРМ во износ од 437 илјади денари, поради тоа што на ревизијата не `и беа доставени барањата за користење на просториите во Домовите на АРМ. Со оглед дека во одделните барања се наведуваат поединости во однос на карактерот на манифестацијата што се одржува, точниот термин, користењето на озвучување и друго, ревизијата не можеше да утврди дали надоместокот е точно детерминиран.
- користење на рекреативните објекти на МО во износ од 2.295 илјади денари. Со увид во хотелската евиденција на рекреативниот објект “Васко Карангелески” - Свети Наум, констатирани се прекини во евиденцискиот редослед на гостите, што укажува на неприкажување на приходите и дискреционо право за бесплатно доделување на користење на дел од објектите. Ваквата состојба може да има за ефект користење на државни објекти без надомест.

**Препораки и мерки**

1. МО да воспостави систем на евиденција и одобрување на барањата за користење на просториите, техничките средства, озвучувањето и друго во состав на домовите на АРМ, кој ќе обезбедува документарна поткрепа за наплатениот надоместок.
2. Одделението за внатрешна ревизија да спроведе контрола во рекреативните центри преку споредба на наплатените приходи и евиденцијата на сместувачките објекти.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**


*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

10.4.1 Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки, ревизијата утврди набавки на прехранбени продукти и пијалаци во износ од 1.331 илјади денари по договори склучени со неколку добавувачи во 2004 и 2005 година. Со оглед дека договорените количества значајно ги надминуваат годишните потреби на МО за прехранбени продукти и пијалаци, истите се продолжувани неколку пати со склучување анекси. Поради преценетите потреби, договорите стануваат повеќегодишни, со што се фаворизираат избраните добавувачи и се ограничува годишниот избор на најповолни понудувачи, односно конкуренцијата меѓу понудувачите секоја година која би можела да ги измени условите.

**Препораки и мерки**

1. МО да склучува договори за набавка на прехранбени продукти и пијалаци исклучиво врз основа на оценетите годишни потреби.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.2.1 и 10.3.1, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за одбрана на ден 31 Декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива .

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.4.1, кај Министерството за одбрана - сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Обрнуваме внимание на следната состојба, која може да има значајно влијание врз континуитетот на работењето и тоа:

МО евидентирало ненаплатени побарувања во износ од 2.314 илјади денари по основ на закуп произлезен од договори за извршување на кантинско-угостителски услуги за потребите на воените кантини на МО. Договорите се склучени во 2004 година со времетраење од 10 години, при што закупувачите (давателите на услугите) се обврзани да ги преземат сите вработени, кои се распоредени на извршување на работи и задачи во воените кантини, да плаќаат режиски трошоци сразмерно на површината на просторот што го користат и закупнини. Во однос на вработените, тоа подразбира засновање на работен однос на неопределено време без огласување на работните места, во времетраење од најмалку 10 години, обезбедување на нето плата по вработен не помала од 10 илјади денари и исплатување на надоместоци за превоз до и од работното место и надоместок за исхрана.

Склучувањето на десетгодишни договори за извршување на кантинско-угостителски услуги е во колизија со Стратегискиот одбранбен план на МО, кој предвидува трансформацијата на единиците на АРМ и редуцирањето на армискиот состав. Од тие причини, работата на повеќето кантини станува економски неоправдана, поради што повеќето даватели на кантинско-угостителски услуги не се во можност да ги исполнуваат наведените обврски во договорите кон своите вработени. Непочитување на обврските е констатирано и во однос на плаќањето на закупнините и режиските трошоци.

Во услови кога се предвидува редуцирање на армискиот состав, склучените десетгодишни договори создаваат технолошки вишок кај давателите на услугите. Трансформацијата на АРМ не може да обезбеди рентабилно работење на давателите на кантинско-угостителски услуги, поради што тие објективно не се во можност да ги исполнуваат обврските кон корисникот на услугите. Од тие причини, покрај ненаплатените побарувања по основ на закупнини, МО може да се соочи и со барања за надомест на штета од страна на превземените работници.

**14. Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година**

14.1 МО постапило по препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2004 година, освен по препораката која се однесува на преземање на дејствија во однос на ненаплатените побарувања од купувачи .

**Скопје, 14.03.2008 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 20.870 | 31.950 |
| Трансфери и донации | 270 | 173 |
| **Вкупно приходи** | **21.140** | **32.123** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 19.860 | 31.748 |
| **Вкупно тековни расходи** | **19.860** | **31.748** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 93 | 105 |
| **Вкупно капитални расходи** | **93** | **105** |
| **Вкупно расходи** | **19.953** | **31.853** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.187** | **270** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.351 | 572 |
| Хартии од вредност | 244 | 365 |
| Побарувања | 24.031 | 26.471 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 75 | 75 |
| Побарувања од вработените | 4.618 | 4.848 |
| Активни временски разграничувања | 9.185 | 8.551 |
| Залихи | 4.960 | 10.264 |
| **Вкупно тековни средства** | **44.464** | **51.146** |
| **Вкупна актива** | **44.464** | **51.146** |
| **Вонбилансна евиденција** | **225** | **225** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 3.398 | 3.667 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 1 | 13 |
| Краткорочни финансиски обврски | 381 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 271 | 245 |
| Пасивни временски разграничувања | 35.209 | 36.592 |
| **Вкупно тековни обврски** | **39.260** | **40.517** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 5.204 | 10.629 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **5.204** | **10.629** |
| **Вкупна пасива** | **44.464** | **51.146** |
| **Вонбилансна евиденција** | **225** | **225** |



***ул: “Маршал Тито” - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс:3126-311***

***Овластен Државен ревизор***

----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **-** | **10.629** | **10.629** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **22.287** | **22.287** |
| Набавки | - | 22.287 | 22.287 |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **27.712** | **27.712** |
| Продадени стоки | | 27.712 | 27.712 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **-** | **5.204** | **5.204** |